**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-450/3**
**26.02.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 44 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 26.02.2025 г. (среда) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00 ч.
На Седницата присуствуваа 15 членови на Советот.
Отсутни нема.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 44 Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 43. Седница одржана на 26.02.2025

1. **Предлог-решение за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“-Делчево**;
   Образлагач по точките 1 и 2 е Гоце Попов, претседател на Советот на О. Делчево.

2. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр. бр. 1 по барање на Јово Цонев**;

3. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Сашко Кацарски;**
   Образлагач: По точките 2 и 3, Андријана Соколовска помлад соработник за уредување градежно земјиште.

4. **Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево за второто полугодие од 2024 г. со Заклучок за усвојување**
   Образлагач: Лејла Анакиевска, командир на ПС од ОН Делчево
5. **Предлог-одлука за меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Пробиштип;**
   **Образлагач Зорка Спасова, општински градежен инспектор.**
6. **Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2025 г.**
   Образлагач: Сузана Петровска, советник за ИСЧР
7. **Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година со Предлог-заклучок за усвојување**;
8. **Предлог-програма за дополнување на Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025.**

Образлагач по точките 8 и 9 е Звонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР.

9. **Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота за 2024 г. со Заклучок за усвојување**
10. **Програма за јавна чистота за 2025 г на Општина Делчево**

    Образлагач по точките 9 и 10 е Татјана Стојковска, виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура.
11. **Предлог- одлука за парична помош по Барање бр.21-163/1 од 22.01.2025**;
12. **Предлог-одлука за парична помош по Барање бр. 21-396/1 од 12.02.2025;**
13. **Предлог-одлука за парична помош по Барање бр.21-413/1 од 14.02.2025;**
14. **Предлог- одлука за одобрување финансиска поддршка на Ловечко Здружение „Острец" Делчево по Барање бр.21-219/1 од 27.01.2025 година** ;
15. **Предлог-одлука за одобрување финансиски средства по Барање бр. 21-446/1 од 18. 02. 2025г**.;
16. **Разгледување на Барањето од Ванчо Димитров, бр 09-322/1 од 06.02.2025**

    Образлагач: По точките од 11 до 16 -Гоце Попов, претседател на Советот.
17. **Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница" за 2025 година**;

    Образлагач: Стојче Стојковски, директор на ЈКП „Брегалница" Делчево
18. **Предлог-измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година;**

    Образлагач: Сузана Петровска-советник за вработување и ИСЧР.
19. **Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**;
20. **Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**;

    Образлагач на точките 18 и 19 е Ана Ситновска Димитровска- раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци.

Претседателот на Советот истакна дека **точката бр. 5 од предложениот Дневен ред за Седницата, е повлечена од предлагачот.**

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред и тој зеде збор и ги информира советниците дека во текот на изминатиот месец до него како претседател на Советот е доставен Записник од извршен надзор од Државниот управен инспектор во врска со донесувањето на Планот за вработување на ЈКП „Брегалница" во кое инспекторот утврдил дека точката на Седницата не е изгласана , а за неа не се дадени забелешки. Насочува на член 20-Б од Законот за вработување на јавни службеници, во кое стои дека: функционерот кој раководи со институцијата е должен најдоцна до 1 септември од тековната година, да изготви предлог-план за вработување, кој заедно со предлогот на буџетското барање се доставува на усвојување до надлежниот орган. Органите надлежни за буџетот на институцијата се должни да дадат согласност, значи, ние како Совет сме должни да дадеме согласност, односно да дадеме забелешки во однос на предлогот најдоцна 1 месец од приемот на Предлог-планот. На мое укажување на инспекторот, истакнав дека јас кога ќе ја отворам расправата, не знам дали некој ќе се пријави за збор или не, истото се случува и кога ќе го ставам на гласање, јас не знам дали ќе помине планот или нема да помине и може во иднина, ние повторно да го разгледаме и, пак, да ја имаме истата ситуација. Мислејќи дека по тој разговор ќе заврши оваа постапка, пред некој ден до мене е доставено Решение со кое се задолжува Советот, да преземе мерки, дејствија и активности во насока на констатираните недостатоци, утврдени со Записникот. За

мене има една спорна работа. А тоа е: Решението, е доставено по член 83 од Законот за инспекциски надзор, кој вели во ставот 1: при вршење на инспекциски надзор, инспекторот со Решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот врз кој се врши инспекцискиот надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со Записникот. Но, инспекторот не го одбрал ова решение, туку го избрал ставот 2, по исклучок од ставот 1, на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или, пак, загрозување на јавниот интерес, со Решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана утрвдена со посебен Закон со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор. Во третиот став е кажано дека доколку по истекот на рокот, Советот не постапи, едноставно може само да нè задолжи да ја разгледаме точката. Значи немаме никаква казнена одредба, но, според мене, инспекторот, можел да даде опомена и ние повторно да ја разгледаме точката и, ве повикувам вас, кога ќе ја дадеме точката бр 17. Годишен план за вработување во ЈКП „Брегалница“, доколку некој има забелешка да земе збор и да ја каже. Претседателот на Советот укажува доколку некој советник има забелешка на Планот, да се каже и Советот ќе може да го тргне ова Решение со кое се задолжува Советот да донесе одлука.

Претседателот Попов предложи оваа точка да биде на Дневен ред како **прва точка** – Разгледување на Записникот и Решението за задолжување на Советот од Државниот управен инспекторат.

Гоце Попов ги повика советниците да гласаат и точката беше усвоена **едногласно.**

Со измените, Дневниот ред за 44 Седница изгледаше вака:

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од 43. Седница**

1. **Разгледување на Записник бр. 09-348/1 од 07.02.2025 и Решение бр. 09-348/2 од 20.02.2025 од Државен управен инспектор.**
2. **Предлог-решение за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“-Делчево**;

Образлагач по точките 1 и 2 е Гоце Попов, претседател на Советот на О. Делчево.

3. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр. бр. 1 по барање на Јово Цонев**;
4. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Сашко Кацарски;**

Образлагач: По точките 2 и 3, Андријана Соколовска помлад соработник за уредување градежно земјиште.

5. **Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево за второто полугодие од 2024 г. со Заклучок за усвојување**
Образлагач: Лејла Анакиевска, командир на ПС од ОН Делчево.

6. **Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2025 г.** Образлагач: Сузана Петровска, советник за ИСЧР

7. **Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година со Предлог-заклучок за усвојување**;

**8. Предлог-програма за дополнување на Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025.**

Образлагач по точките 8 и 9 е Звонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР.

**9. Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота за 2024 г. со Заклучок за усвојување**

**10. Програма за јавна чистота за 2025 г на Општина Делчево**

Образлагач по точките 9 и 10 е Татјана Стојковска, виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура.

**11. Предлог- одлука за парична помош по Барање бр.21-163/1 од 22.01.2025**;

**12. Предлог-одлука за парична помош по Барање бр. 21-396/1 од 12.02.2025;**

**13. Предлог-одлука за парична помош по Барање бр.21-413/1 од 14.02.2025;**

14. **Предлог- одлука за одобрување финансиска поддршка на Ловечко Здружение „Острец“ Делчево по Барање бр.21-219/1 од 27.01.2025 година** ;

**15. Предлог-одлука за одобрување финансиски средства по Барање бр. 21-446/1 од 18. 02. 2025г**.;

16**. Разгледување на Барањето од Ванчо Димитров, бр 09-322/1 од 06.02.2025**

Образлагач: По точките од 11 до 16 -Гоце Попов, претседател на Советот.

**17. Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2025 година**;

Образлагач: Стојче Стојковски, директор на ЈКП „Брегалница“ Делчево

**18. Предлог-измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година;** Образлагач: Сузана Петровска-советник за вработување и ИСЧР.

**19. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**;

**20. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**; Образлагач на точките 18 и 19 е Ана Ситновска Димитровска- раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци.

Вака изменетиот Дневен ред беше ставен на гласање.

Изменетиот Дневниот ред беше усвоен **едногласно.**

Претседателот Попов ја продолжи Седницата и отвори расправа по Записникот од претходната, 43 Седница.

За збор се јави советникот Иван Гоцевски кој рече дека на претходната Седница тој имал процедурални забелешки. Тој ги цитираше член 46 од Статутот на Општина Делчево во којшто стои дека градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство. Па, го праша претседателот Попов дали испратил допис до градоначалникот? Попов одговори дека нема испратено допис и ја задолжи записничарката Даниела да подготви допис до градоначалникот со кој ќе се побара одговор, дали градоначалникот има назначено советник за заменик-градоначалник.

Секретарот на Општина Делчево, Билјана Прачкоска, посочи дека градоначалникот денеска е службено отсутен на состанок на Источно-плански регион кој се одржува во Зрновци, а за заменик-градоначалник со Решение е назначен советникот Иле Каранфиловски.

Претседателот Попов, побара дискусии по Записникот и бидејќи никој не се јави за збор ја затвори расправата и го стави Записникот на усвојување.

Записникот беше усвоен **едногласно.**

**Точка број еден - Разгледување на Решението за задолжување на Советот од Државниот управен инспекторат**.

Гоце Попов отвори расправа и се јави за збор.

Тој истакна дека инспекторот пробува со Советот малку поостро да постапува. Имал можност да го опомени, а тој го задолжува Советот. Вие советниците гласате по сопствено убедување. Мој апел е во следната точка, да си земете збор и секој што има забелешка во врска со Планот да ја даде и тоа ќе влезе во Записник и така ќе бидеме заштитени. Но, во врска со ова, разговарав и со Ивана од Одделението за правни работи и предлагам да направиме Заклучок со кој ќе го задолжиме Одделението за правни и општи работи да изготви жалба во врска со Решението, согласно со законските регулативи и ќе ја испрати до Државната комисија за одлучување по втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од приемот на ова Решение. И, како член број 2, давам предлог Одделението да изготви Преставка за инспекторот кој го водел делото, затоа што не нè повикал на разговор, не ја сослушал страната, а одма донел пресуда. Мора да напоменам дека поднесувањето на Жалбата, не го одлага извршувањето на Решението, значи дека денес мора да се разгледа точката.

Овој предлог на претседателот Попов, беше даден на гласање.

Предлогот беше **ЕДНОГЛАСНО** усвоен.

Вака усвоениот предлог, претседателот го стави на гласање, како Предлог-заклучок за задолжување на Одделението за правни работи кој беше **едногласно усвоена.**

**Точка број два Предлог-решение за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Управен одбор на ЈЗУ „Гоце Делчев“ Делчево.** Образлагач по точката беше претседателот на Советот, Гоце Попов. Тој посочи дека оваа точка беше на Дневен ред пред неколку седници, но советниците не успеале да изгласаат член кој ќе ја претставува Локалната самоуправа во Здравствениот дом, а оваа точка е повторно на Дневен ред на оваа Седница. Попов побара предлози од советниците.

За збор се јави советникот Дејан Ѓеоргиевски, кој за претставник на Локалната самоуправа во УО на ЈЗУ Здравствен дом го предложи д-р Дејан Златковски од ПЗУ АКУС МЕДИКА.

За збор се јави и советникот Тони Стаменковски кој за претставник во УО го предложи Влатко Спасовски, дипломиран економист.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и ги стави двата предлози на гласање. Најпрво, предлогот на советникот Дејан Ѓеоргиевски кој за член на УО во ЈЗУ Здравствен дом го предложи д-р Дејан Златковски.

Предлогот беше поддржан со 11 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН, додека три советнички не гласаа, бидејќи се вработени во Здравствениот дом и сметаа дека не треба да гласаат по оваа точка.

Претседателот Попов истакна дека вториот предлог на советникот Стаменковски не се става на гласање, бидејќи првиот предлог добил мнозинство. Потоа точката **Предлог-решение за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Управен**

**одбор на ЈЗУ „Гоце Делчев“ Делчево со која се разрешува д-р Соња Мавродиева-Ѓеоргиевска, а се именува д-р Дејан Златковски,** беше ставена на гласање.

Точката е усвоена со 11 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

**Точка број три Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр. бр. 1 по Барање на Јово Цонев**.

Образлагач по точката беше Андријана Соколовска, помлад соработник за уредување градежно земјиште. Таа истакна дека Јово Цонев има поднесено барање за утврдување правен статус на бесправен објект **број уп I бр. 12-15** од **12.01.2018** година, од страна на **Јово Цонев од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда **бр. 1 изграден** на **КП бр**.**6149 КО Град** запишана во Имотен лист бр. **63** и кој е надвор од урбанистичкиот плански опфат. Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Претседателот Попов отвори расправа во точката и бидејќи никој не побара збор, точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа ЗА и 1 Воздражан беше усвоена Одлуката **за утврдување на потребата од донесување урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр. бр. 1 по Барање на Јово Цонев.**

**Точка број четири- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Сашко Кацарски;**

Образложение и по оваа точка даде Андријана Соколовска која истакна дека Сашко Кацарски има поднесено Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**886** од **22.08.2011** година, од страна на **Сашко Кацарски од ул. „Трст“ бр.20 – Делчево** за бесправно изграден објект, **објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр**.**3309 КО Делчево** запишана во Имотен лист бр. **9267 и КП бр**.**3310 КО Делчево** запишана во Имотен лист бр. **10199** и кој е надвор од урбанистичкиот плански опфат. Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Претседателот Попов отвори расправа во точката и бидејќи никој не побара збор, точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН беше усвоена Одлуката **за утврдување на потребата од донесување урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект викенд куќа згр. бр. 1 по Барање на Сашко Кацарски.**

**Точка број пет- Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево за второто полугодие од 2024 г.** Образлагач по точката беше Лејла Анакиевска, командир на ПС од ОН Делчево која истакна дека согласно со

член 25 од Законот за полиција, командирот на ПС од општа надлежност Делчево го доставува до Советот Извештајот јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево за второто полугодие од 2024 споредено со истиот период од минатата година. Безбедносната состојба на подрачјето што го покрива ПС од ОН Делчево во овој извешатен период се оценува како стабилна и поволна, каде што ОВР Делчево активно работело во спречување на вршењето кривични дела и прекршоци, но и тековно спроведување на сите планирани редовни и вонредни задачи и полициски активности. Во овој период има намалување на бројот на кривичните дела, односно регистрирани се 36 кривични дела (42 лани), а посебно има намалување на бројот од областа на семејното насилство, при што во овој извешатен период пријавени се само две кривични дела. Состојбата со јавниот ред и мир се карактеризира со зголемување на бројот на прекршоците за 6,5% во однос на истиот период лани. Има две нарушувања на јавниот ред и мир кои се поднесени против родители на малолетници кои вршат прекршоци за занемарување и грижа на дете. Во областа на патниот сообраќај во овој извештаен период во споредба со минатата година, вкупниот број на сообраќајни незгоди на нашето подрачје е намален за 15,1%. Има вкупно 28 сообраќајки, со телесни повреди се 14, помала материјална штета се 14 и во сообраќајните незгоди, нема загинати лица. Командирот Анакиевска истакна дека ОВР Делчево интензивно работи и на полето на превенција.

По Образложението, претседателот Попов отвори расправа по точката. За збор се јави советникот Иван Гоцевски кој ја пофали работата на ОВР Делчево и на командирот за сработеното во втората половина од 2024 г. и забележа дека се гледа дека се става ред во Делчево и даде сугестија и до командирот и до началникот за да укажат на Општина Делчево дека ризлата од зимското одржување на улиците на Делчево, сè уште стои на улиците, а, нивна обврска, освен да постапуваат по снегот и по неговото отстранување треба да ја соберат ризлата која влијае на безбедноста во сообраќајот. Може да предизвика и лизгање на пешаците и др. учесници во сообраќајот.

За збор се јави советникот Кире Тренчевски кој посочи дека последните денови во Делчево полициски возила се движат со ротација, посебно во вечерните часови и праша која е причината за такво движење на службените полициски возила.

Командирот Лејла одговори дека тоа е насока од повиското раководство од МВР и начин на превентивно делување, не се поврзани со одредени настани, туку превентивно делување.

Советникот Дејан Ѓеоргиевски во врска со сообраќајната култура, посочи дека на многу места има забрана за паркирање и полициски контроли и се пишуваат казани, дали има соодветна сообраќајна сигнализација на тие места.

Командирот Лејла истакна дека претежно на местата каде реагира сообраќајната полиција има поставено сообраќајни знаци за забрана за паркирање.

Бидејќи расправата заврши, претседателот на Советот ја стави точката на гласање.

**Заклучокот за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево за второто полугодие од 2024, беше усвоен ЕДНОГЛАСНО.**

**Точка број шест**- **Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2025 г.** Образлагач по точката беше Сузана Петровска, советник за вработување и ИСЧР. Таа истакна дека оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита. Програмата го има предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и надлежностите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво. Социјалната заштита во Општина Делчево ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства. Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар за социјална работа, односно со Министерството за социјална политика демографија и млади, приватниот сектор, невладините организации а пред се со Советот за социјална заштита на Општина Делчево и Советот за социјална заштита на планскиот регион. Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните вклучително на потребите и на жените и на мажите во Општина Делчево. Во ЛОКАЛНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА СО ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА се: Социјална заштита на стари лица; Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности; Социјална заштита на лица со посебни потреби; Социјална заштита на социјално- загрозени семејства; Општинско корисна работа; Воведување социјални услуги**.**

По образложението, претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави советникот Гоцевски кој праша за делот 5 од програмата-Општинско корисна работа, во табеларниот дел стои дека се ангажирани 20 лица за нив се исплаќа 13.750 ден по 9 месеци, вкупен износ од 2.475.000 ден. од нив Општина Делчево обезбедува 434.160 ден., за остатокот од овие средства нема информација од каде се обезбедуваат.

Сузана Петровска одговори дека во Програмата за 2025 година има предвидено ангажирање на 20 лица, но тоа не значи дека ќе бидат 20, но ние ја проектираме оваа бројка на 20. Остатокот од средствата во вкупниот износ се обезбедува од МТСП преку проект од Светска банка, односно УНДП. Од Буџетот на Општината се обезбедуваат средства за осигурување на лицата и персонален данок.

Гоцевски постави прашање и за делот Вонсемејна заштита, односно точка 6.7 од Програмата, Живеење со поддршка: Обезбедување мали групни домови за лица без родители и родителска грижа над 18- годишна возраст и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст; Обезбедување станбени единици за домување; Шелтер- центар за жртви на семејно насилство –дали се предвидени и каде се?

Сузана одговори дека во Програмата се предвидени сите тие услуги опфатени со Законот за социјална заштита. Но, не се сите услуги застапени. Тоа се услуги кои ги предвидуваме, а тука се НВО, странски организации кои можат да влезат во овие мерки. Кај нас нема мали групни домови, ни шелтер-центри за жртви на семејно насилство, а немаме ни дом за стари лица.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, се затвори расправата и точката се даде на гласање.

**Советот ЕДНОГЛАСНО ја донесе точката- Програма за социјална заштита за 2025 г на Општина Делчево.**

**Точка број седум- Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година со Предлог-заклучок за усвојување.**

Образлагач по точката беше Звонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР. Тој истакна дека, како што побара Советот на претходната Седница, доставен до Советот е Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година. Годишниот извештај ги прикажува позначајните активности кои Општина Делчево ги реализираше во текот на 2024 година во рамки на Програмата. Преку реализираните активностите наведени во овој извештај се овозможува надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита. Исто така, самата реализација на овие активности придонесува кон системско и планско решавање на актуелните проблеми во патната инфраструктура во Општина Делчево, а со тоа и одговор на барањата на жителите во општината. Во текот на 2024 година на подрачјето на Општина Делчево беа реализирани следниве активности:

- изградба на улици 3, 5 и 6 во населбата Пролет во должина од 510 метри при што се искористени финансиски средства во износ од 9.244.681,30 денари;
- изградба на краци од улица Орце Николов во локалитет Шумски расадник во должина од 264 метрипри што се искористени финансиски средства во износ од 3.649.246,50 денари;
- изградба на дел од улица Булевар Македонија во должина од 168 метри при што се искористени финансиски средства во износ од 2.806.086,80 денари;
- изградба и реконструкција на тротоари во должина од околу 200м иасфалтирање на пристапна уличка во локалитет Старо Делчево во должина од 50 м за што се искористени финансиски средства во износ од 1.259.794,00 денари;
- сообраќајно уредување на улици и паркинг места на Градски пазар со поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација при што се искористени финансиски средства во износ од 227.069,12 денари;
- надзор над вршењето на работи кои се однесуваат на изградба, реконструкција или рехабилитација на објекти на подрачјето на општината при што се искористени финансиски средства во износ од 110.304,00 денари.

Атанасов, презентирајќи го Извештајот зборуваше и за делот за изработка на техничката документација и делот за одржување и заштита на општинските патишта и улици.

Претседателот Попов отвори расправа по точката.

За збор се јави советничката Оливера Ташевска која изнесе забелешка дека Извештајот е многу краток, содржи само една страница, а во јавноста слушаме колку се гради и се работи во Делчево и се реализирани проекти.

Атанасов одговори дека Извештајот се однесува само на изградба и одржување на ппатната инфраструктура. Општината реализира и капитални проекти, се гради детската градинка, проекти од Швајцарската влада и др.

Советничката Маја Алексова праша за одржување на патиштата во населба Ѕвегорска Река и кога ќе се изградат.

Звонко Атанасов одговори-кога ќе си ги срушат жителите дивиградбите. Во Извештајот, стои интервентно одржување- со грејдер. Многу пати е пробано да се изградат улици, одржани се многу состаноци и беше договорено да си ги срушат дивоградбите согласно со урбанистичкот решение, оти нема шанси да се даде одобрение за градба и да се реализираат улиците со дивоградбите кои ги има во населбата. Овде може само две пристапни патеки да се изградат.

Попов потенцираше дека треба да се иницира повторно собир на граѓани на кој стручните служби на Општината ќе им укажат на жителите дека ако сакаат улици мора да се исчистат. Тргањето на дивоизградените објекти, можеби е загуба за инвеститорот, но за општото добро на заедницата е големо. Бидејќи ќе се олесни пристапот, ќе може да помине, кола за брза помош, противпожарно возило и сл. Можеби поединецот ќе загуби лично со рушењето на објектот-но ќе добие заедницата, Звегорска Река ќе добие, ако се договорат сите заеднички и да почне со реализација. Прво, со разговори-за да сфатат граѓаните кое е значењето да се има улици, отколку некој помошен објект кој не се ни користи или ретко се користи.

Советникот Иле Каранфиловски праша дали се известени тие граѓани и дали имаат официјално решение за рушење, каде е објаснето дека нивните дивоизградени објекти се правна пречка за изградба на улиците во населбата. Оти друго значење има решението-како документ. Има една информација дека во Делчево има куп решенија за рушење, а одговорот беше дека во Делчево ниту еден објект не е срушен и нема да се сруши, заклучи Каранфиловски.

Атанасов рече дека има рушено, но ова не е на Дневен ред.

Советнокот Кире Тренчевски рече дека на Дневен ред е Извештајот за 2024 година, а не станува збор за капитални проекти, изградба на градинки и сл. и можам само да кажам дека овој извештај е пообемен од извештајот на Владата на РСМ.

Советникот Тони постави прашање за делот од точка 4 од Извештајот, интервентно одржување на патишта и улици е интервенирано на неколку локации: с. Звегор, Звегорска река, с.Киселица, с.Драмче, с.Град и за оваа намена се искористени финансиски средства во износ од 202.717,00 денари. За с. Драмче жителите само си финансираа, луѓето си собраа 57 илјади денари за да си го оправат патот, да има се исчисти и прошири, за да имаат пристап до домовите, а Општината не инвестирала. Прашувам каде е точно интервенирано во с. Драмче.

Атанасов рече дека нема конкретна информација. Но, може да одговори следен пат.

Иван Гоцевски, реплицира на координаторот на советничката група на СДСМ и во контекст на дискусијата на советничката Оливера Ташевска- Во историјата на РМ, се обезбедени толку многу средства за изградба на капитални проекти. Ние како Совет сме гласале во Општина Делчево дел од тие проекти во висина од 36 мил. денари се дадени на Општина Делчево за изградба на улици и тоа е доказ дека Владата на ВМРО ДПМНЕ, партиски не ги дели општините. Друг момент е дека 250 мил. евра се историски највисока ставка во Буџетот на РМ за капитални проекти. И во моментов тече повикот за аплицирање за нови проекти и еве повик до градоначалникот и до Секторот за урбанизам да аплицираат на овој повик. И очекувам дека наредниот Извештај догодина, ќе биде подетален и пообемен и повеќе средства ќе се инвестираат во патната инфраструктура.

Раководителот Атанасов рече дека Општината е подготвена со проекти и веќе е аплицирано по повикот од Владата.

Советникот Тренчевски, искажа процедурална забелешка и посочи дека коорднаторот на советничката група на ВМРО одржа политички говор. Точка на Дневен ред е Извештајот за за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година со Предлог-заклучок за усвојување, а со дискусиите се оддалекува од темата и не станува збор за извештај за 2025 г. Нека се држат на точката на Дневен ред.

За збор се јави советничката Сунчица Ѓеоргиевска, која зборуваше за хоризонталната сигнализација и посочи дека пешачките премини не се видливи и дека треба да се обноват.

Атанасов одговори дека ќе пренесе сугестијата.

Советникот Гоцевски побара детален извештај за кои технички документои се потрошени 4.702.860 ден. и за кои елаборати се потрошени 311.185 ден. и побара да се достави написмено информација до советничката група на ВМРО ДПМНЕ. Во однос на Извештајот, Гоцевски се согласува со забелешката на советничката Ташевска, дека Извештајот е само две страници и овој Извештај ја отсликува слабата градежна активност во Општина Делчево и во оваа прилика ќе го цитирам Воведот од Извештајот -не само што не ја надградува и осовременува постоечката сообраќајната инфраструктура и не ја зачувува нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита, туку ги уназадува условите и со ова по кој знае кој пат жителите од населбата Звегорска Река, Пролет, Стрелиште и др се заборавени. Интервентното одржување на патиштата нема ниту во Драмче, ниту во Вратиславци, ни во Вирче, ни во Бигла, ни во Нов Истевник ни во Град и тн.. Во текот на 2024 г е реализирана изградба на три улици, само во нас „Пролет“ што е за поздравување и еден крак од бул „Македонија“ и на голем дел од нас, не ни е јасна зошто се направи таа улица и сето е во износ од 17 мил денари. А, за годинава од Јавниот повик од Владата, Делчево ќе добие 36 мил денари само за изградба на улици. Во однос на одржување и заштита на општински патишта и улици можам да укажам дека ризлата се уште стои по улиците и влијае врз безбедноста и зимското одржување на улиците и одржување на хигиената.

Кире Тренчевски, реплицираше на кородинаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ-дека не се согласува дека сите граѓани се заборавени- и не се согласува со тоа, а за пример ја зеде населбата Басарица, Стар Монопол и др. населби.

Оливера Ташевска рече дека сите колеги дадоа забелешки за тоа кои улици и населби се наведени во Извештајот и дека Извештајот треба да е поопширен.

Атанасов констатира дека многу црно претставија дел од советниците, а кога дојдат од страна гости, сите коментираат дека Делчево е многу убави гратче.

Попов забележа дека секогаш програмата која се доставува е преобемна, а извештајот за реализација е краток.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласење.

Со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ се усвои **Заклочокот за усвојување на Извештајот за за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2024 година.**

**Точка број осум -Предлог-програма за дополнување на Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г.**

Образлагач по точката беше Звонко Атанасов**,** раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР. Тој рече дека има нова урбанизација и точката е за да се утврди висината на вредноста за надоместок за градежно земјиште. Станува збор за влез во населбата Пролет на стариот пат за Звегор. Тоа е вон градежен опфат. Бидејќи е близу до местото за урбанизација, не може да се примени членот бр 95- од Законот за градежно земјиште, инвеститорот тука не може да се ослободи од

плаќање комуналии. Граѓаните треба да ги ставиме во рамноправна положба и треба да ги третираме исто. Ги зедовме предвид објектите кои се изградени во близина за улицата, станува збор за 30 викенд куќи кои ќе ја користат улицата, односно 80% ќе ја користат за нивниот пристап. За пристап ќе имаат околу 420 метри асфалитиран пат, исто колку што користат и во населбата Пролет. Во однос на водоснабдување и канализација во однос на урбанистичкото решение имаат обврска сами да си го решат. За да не се обесправени граѓаните од нас. Пролет, пресметавме дека за тие 30 куќи кои гравитираат на таа улица, а вкупната вредност на улицата е 6.890.390 ден со ДДВ. Ако овој износ го поделиме на 30, се добива 229.717 ден, а просечна големина на плацевите е околу 300 квадрати и се добива просечна цена по квадрат станбена површина 765 ден. Но, бидејќи Правилникот за степенот за уредување градежно земјиште вели дека Советот има право да го смени тоа.

Претседателот Попов отвори расправа по точката.

Советникот Дејан Ѓеоргиевски праша дали ова Дополнување на Програмата и оваа цена се однесува само за таа урбанизација или за цела општина?

Образлагачот одговори дека се однесува само за таа локација и локацијата е блиску до урбаната средина. Таа урбанизација треба да се анализира подетално и да се види што се случува во околината.

Претседателот Попов потенцираше дека ако тргнат повеќе наши сограѓани да градат викенд-куќи блиску до урбанизираниот дел, ќе се оптоварат, прво, уличните мрежи кои не се димензионирани за толкав број жители, канализациските мрежи кои се однесуваат за потребите на граѓаните само за таа населба.

Иле Каранфиловски-тие септички јами нема ли да претставува проблем, не може ли да се вклучат во канализациската мрежа?

Образлагачот одговори дека на друг начин не може да се даде одобрение за градење. Дали ќе им се овозможи во иднина вклучување на мрежата, ќе се види, бидејќи може да се прошири и населбата на кај тој дел. Затоа, треба да се размисли дали воопшто тука треба да се продолжи со такви урбанизации, бидејќиќе се оптоварат мрежите кои се проектирани за таа населба. Ако се вклучува нешто допонително-нема каде.

Попов истакна дека во иднина треба да се размислува да се донесат нови урбанистички планови. Нормално е градот да се шири. Но кај нас е лошо што се шири неконтролирано и градењето оди без одобрение за градба, па, имаме ситуација до куќата што е направена вон опфат, да никне фабрика, до фабриката да никне продажен салон, тоа се разноразни намени кои Законот не ги дозволува. Кога би биле паметни и да имаме финансиска можност, најдобро е ГУП-от да го прошириме, оти сите ДУП-ови се донесуваат врз основа на ГУП- кој определува по зони-зона домување, зона индустрија и сл. и, на тој начин, ќе се зштити Општината од можноста за поединецот да си направи сопствен урбанистички план за сопствена парцела. Ние не можеме да го сопреме. Истото ни се случува и на едниот и на другиот крај на градот. Треба длабока анализа и насока. Можеби следниот Совет ќе го решава тоа.

Бидејќи никој друг не побара збор, претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласање.

Точката - **Програма за дополнување на Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г., беше усвоена ЕДНОГЛАСНО.**

**Точка број девет- Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота за 2024 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по точката беше Татјана Стојковска, виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура. Програмата За одржување на јавна чистота на општина Делчево за 2024год. усвоена од страна на Советот на Општина Делчево е изготвена врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ" бр.111/08) и таа содржи:

- Вид и обем на работите,
- Динамика, временски рокови и начин на извршување на истите и
- Финансиски средства

Стојковска ги презентираше извршените работи во текот на 2024 задржувајќи се: на Метењето улици и јавни површини; Миење на улиците; Собирање отпадоци; Чистење снег и мраз; а за финансискиот дел истакна дека во изминатата 2024 год. (податоци добиени од ЈКПД „Брегалница") врз основа на извршени дејности и услуги, фактурирани се и наплатени по основ на јавна чистота од:

-физички лица: фактурирани -1 654.000.00, а наплатени-1.296.448.00 или 78.3% наплата и
-правни лица: фактурирани- 410.100,00, а наплатени 323.844.00 или 79%, односно вкупно фактурирани 2 064 440,00 наплатени 1.620.292,00. или 78,6% од предвидената наплата.

Претседателот Попов отвори расправа по точката.

Советничката Оливера забележа дека е потребно да има повеќе канти за отпад, посебно во делот на централното градско подрачје и на поблиско растојание, бидејќи и тие што ги има се оштетени. Таа констатира дека на оваа ситуација реагираат граѓаните.

Татјана одговори дека ќе биде даден како предлог до градоначалникот и во рамките на финансиските средства ќе се реализира.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Точката, **Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота за 2024 година со Заклучок за усвојување,** беше усвоена со 14 гласа ЗА и еден ВОЗДРЖАН.

**Точка број 10- Програма за јавна чистота за 2025 на Општина Делчево**

Образлагач и по оваа точка беше Татјана Стојковска, виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура. Таа истакна дека со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг- простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори. Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи: Метење улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини; Миење на улиците и јавните површини; Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосферски наноси; Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори; Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување штети. Предвидена е и динамика, временски рокови и начин на извршување на работите.

Во прегледот на потребните финансиски средства за спроведување на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2024 година се предвидени 1 735 980.00 ден. Во планираните приходи се планирани 2.272.280,00 ден во кој надомест за јавна чистота е од домаќинствата е планирано во износ од 1.819.840,00 ден и надомест за јавна чистота од правни лица се планира во износ од 452.540,00 ден.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. **Програмата за јавна чистота на за 2025 г на Општина Делчево беше усвоена со 14 гласа ЗА, а 1 ВОЗДРЖАН.**

**Точка број единаесет- Предлог-одлука за парична помош по Барање бр.21-163/1 од 22.01.2025 г.**

Образлагач по точката беше Гоце Попов, кој истакна дека станува збор за наша сограѓанка од с. Стамер, Вера Велиновска која поднела Барање до Советот за одобрување парична помош. Средства ѝ се потребни за лекување и набавка на лекарства. Попов предложи да се доделат 30.000 денари за да им се помогне во тешката состојба.

Претседателот Попов отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. Со 14 гласа ЗА, беше усвоена **Одлуката за парична помош по Барање бр 21-163/1. Од 22.01.2025.**

**Точка број дванаесет- Предлог-одлука за парична помош бр 21-396/1 од 12.02.2025**

Образлагач по точката беше Гоце Попов кој рече дека до Советот е поднесено Барање од наш сограѓанин за финансиска помош и овде станува збор за лекување и набавка на лекови. Доставена е целосна документација. Претседателот предлжи да се додели 30.000 денари за да им се подобри финансиската состојба.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа ЗА беше усвоена **Одлуката за парична помош бр 21-396/1 од 12.02.2025г**

**Точка број тринаесет- Предлог-одлука за парична помош број 21-413/1 од 14.02.2025.**

Образлагач по точката беше Гоце Попов кој рече дека до Советот е поднесено Барање од наш сограѓанин за средства кои се наменети за покривање погребални трошоци и за санација на куќа која е оштетена од пожар. Доставени се Записник и Потврда од Бирото за јавна безбедност, дадена е Изјава, потврда за смртта и Лекарски извештај за потврда на смртта и Извод од матичната книга на умрените. Претседателот на Советот даде предлог да се одобрат 30.000 денари.

Претседателот Попов отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

ЕДНОГЛАСНО беше донесена точката - **Одлука за парична помош број 21-413/1 од 14.02.2025.**

**Точка број четиринаесет- Предлог-одлука за одобрување финансиска поддршка на Ловечкото здружение „Острец“ Делчево**.

Образложението го даде Гоце Попов. Тој истакна дека до Советот е поднесено Барање за финансиска поддршка од Ловечкото здружение „Острец“ од Делчево во кој побарува финансиска поддршка за набавка на главната награда на Ловечката вечер која се одржува традиционално, а тоа е набавка на ловечка пушка за што се бара од Советот финансиска поддршка од 42.000,00 ден. Попов предложи да се издвојат 42.000 ден од Буџетот за да се овозможи нашето спознорство до Ловечкото здружение.

Попов отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Точката, **Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ловечкото здружение „Острец“ Делчево** беше усвоена ЕДНОГЛАСНО.

**Точка број петнаесет-Предлог-одлука за финансиски средства по Барање бр. 21-446/1 од 18.02.2025 г.**

Образлагач и по оваа точка беше претседателот на Советот, Гоце Попов. Тој рече дека до Советот е поднесено Барање за финансиска поддршка од наша сограѓанка, Мери Арсениевска која дипломиран економист, но не е вработена, но таа успешно ја завршила обуката во Србија и се здобила со лиценца EHF Master-coach во организација на Ракометниот сојуз на Р. Србија. Бидејќи сето тоа ја чинело многу средства и во консултација со другите учеснички, таа разбрала дека нивните општини им помогнале финансиски. Затоа бара од Советот на Општина Делчево да ѝ помогне финансиски и да се покријат трошоците за учеството во EHF Master Coach- Семинарот кој беше одржан во Белград, Република Србија. Во прилог е дадена лиценцата. Попов предложи на Советот да се дадат по Барањето 30.000 денари како би помогнале на младата спортиска и да ги охрабриме младите да напредуваат на секое поле.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Точката, **Одлука за финансиски средства по Барање бр. 21-446/1 од 18.02.2025 г.,** беше ЕДНОГЛАСНО усвоена од Советот.

**Точка број број шеснаесет- Разгледување на Барањето од Ванчо Димитров бр. 09-322/1 од 06.02/2025 година**

Образложение по точката даде претседателот Попов кој рече дека до Советот е доставено Барање од наш сограѓанин кој бара од Советот да донесе одлука за набавка на пластична цевка со пресек фи-300, должина 500 метри за преземање на атмосферската вода од улицата која беше правена и која поради попуштање на цевката беше населбата поплавена во 2023 г., а од поплавата фирмата на барателот Ванчо Димитров претрпела голема штета за што не добиле обештетување.

Претседателот Попов предложи да се донесе Заклучок со кој ќе се задолжи Одделението за урбанизам да направи увид на терен и да ја снима состојбата и да го извести

Советот дали со оваа цевка што ја бара Димитров со пресек фи-300, должина од 500 метри ќе се реши проблемот, а потоа Советот ќе постапи.

Претседателот Попов отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Советот ЕДНОГЛАСНО го усвои **Заклучокот по Барањето од Ванчо Димитров, бр 09-322/1 од 06.02.2025 г.**

**Точка број седумнаесет- Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2025 година**

Образлагач по точката беше Стојче Стојковски, директор на ЈКП „Брегалница“. Тој рече дека Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2025 година беше на Дневен ред на 38-та Седница на која имаше забелешка од советникот Тони Стаменковски во врска со вкупниот број вработени во претпријатието што беше техничка грешка која беше исправена и повторно Годишниот план за вработување беше ставен на Дневен ред на 42-та Седница, кога повторно Советот не го усвои Планот за вработување. Бројот на вработени на денот на изготвување на Планот е 79, а моменталната состојба е 76 вработени, а во 2025 година во пензија заминуваат уште двајца вработени. Значи, вкупната бројка на вработени во претпријатеито ќе биде 74 вработени. Во Годишниот план за 2025 година се предвидени 6 вработувања, сите се даватели на услуги од кои 4 -читач на водомер, метач, чувар, одржувач на зеленило, се работни места кои се испразнети врз основа на пенионирање, додека машинскиот инженер и лаборантот се ново вработување и како потреба со пуштањето на пречистителната станица за вода за пиење за градот. Вкупно се предвидени 6 вработувања. Инаку, тој истакна дека во последните 5 години, бројот на вработени во ЈП од 94 е намален на 74 вработени. Нема промени во Годишниот план кој беше доставен до Советот на 42 Седница.

Претседателот ја отвори расправата.

За збор се јави советничката Олевера Ташевска која потенцираше дека сите сме сведоци на колку вработени во претпријатието моментално не се исплатени плати, колку е претпријатието во минуси, па, заклучи дека овие вработувања може да почекаат. Таа рече и дека јавноста беше сведок на протестите одржани вработените за плати.

Директорот Стојковски рече дека ова што го зборува советничката се небулози и тврди дека ЈП зема редовно плата со задоцнување од 15 дена, но плата се зема. Давањето на услугите на ЈП зависи од човечкиот фактор. Одржување паркови и зеленило, одржување на хигиената, зависи од човечкиот фактор. Во 2024 година не е вработен ниту еден вработен и тогаш Советот не го донесе Планот за вработување. За десет луѓе од лани се намалува бројот на вработени и овие места мора да се пополнат, но дали ќе се пополнат зависи од финансиските средства. Но, овој момент имаме потреба од овие вработени, тие се испразнети места.

Оливера рече дека самите вработени протестираат, поднесени се тужби од вработените.

Директорот Стојковски, запраша-зошто има тужби? И јас, го знам тоа најдобро. Тужбите се за к-15 што претходните директори не ги исплаќале. И оваа дисусија е надвор од темата.

За збор се јави советникот Иван Гоцевски, кој му порача на директорот дека нема потреба од нервоза и дека не му е јасно зошто со толкав гнев одговара кон забелешките на советничката Оливера, пред сѐ, таа е жена советник, а забелешките ѝ беа конкретни. Вие

имате видување и можете да ѝ укажете на покоректен начин. Ова е забелешка како координатор на советничка група. Гоцевски продолжи со дискусијата и ја пренесе неговата забелешка осврнувајќи се на првата точка од Дневниот ред и на забелешките од инспекторот кон Советот на Општина Делчево. Тој даде забелешка на Планот за вработување на ЈКП „Брегалница“. Според него, таков услов може да се направи за повторно гласање, доколку првиот пат Советот нема дадено согласност, поради недостатоци и рокот за укажување на отстранувањето на недостатоците е 30 дена. Укажување нема, а има конкретна одлука дека не се дава согласност за Планот за вработување којшто е изготвен во август 2024 година и е гласан во септември 2024 г. Гоцевски рече дека е банално по 5 месеци да се носи овој План со нагласување, дека доколку е, навистина, истиот План, доколку некој му има наредено на директорот. Тој рече дека нема да политизира и дека- ситуацијата во ЈКП со која раководи директорот е во катастрофална позиција поради „вашето лошо менаџирање и финансиски доведено на колена и, како што самиот спомнавте, да ги измири законските обврски на моменталните вработени по однос на регрес и обврски кон државата. Бевме и сведоци дека, за жал и возилата ви беа одземени, бидејќи не се регистрирани неколку години, но и тоа не е важно. Загрижувачки е тоа што може да се загрози хигиената во градот, но нема овој пат да зборуваме за тоа, бидејќи свесни сме сите за вашите направени грешки и нема да дозволам вие да искористите дека ние сме против вработување во ЈКП. Секој треба да оди на работа, директоре и редно е да си ги признаете своите грешки и да им ги кажете на луѓето коишто, за жал, пробувате да ги манипулирате деновиве“, заврши Гоцевски.

Директорот Стојковски рече- „ќе треснете еден куп глупост на јавна сцена, непотврдени информации и на крај велите, нема да зборувам. Какво ви е однесувањето како советник, пред граѓаните, како може да лажете дека не е исплатено К-15, не може да лажете дек обврските не се исплатени на ЈКП, какви непотврдени информации ширите пред јавноста. Што се однесува до Планот за вработување за 2025 до Министерството за јавна администрација, укажа дека Советот не си ја извршил својата должност, бидејќи на 42 Седница не дадовте забелешки на Планот, а сега на истиот План, вие сега давате забелешки. Затоа ние се обративме до Државниот управен инспектор кој поведе постапка и донесе Решение. Законот за вработени во јавниот сектор е дециден дека Советот доколку нема забелешки е должен да го усвои Планот. Стојковски рече дека тој ќе го доставува и по петти пат Планот, ако треба, бидејќи Советот нема забелешки по Планот, сè додека не кажете што е забелешката за да се отстрани и Планот да биде усвоен. Како ќе работи претпријатието без План. Тоа е обврска на директорот да го достави до Советот Планот за вработување, а дали вие ќе го ставите на седница, тоа е ваша работа.

Гоце Попов истакна дека обврска на претседателот на Советот да се стави точката на Дневен ред и дека тој ги повикува советниците да расправаат по предложената точка и да ги кажат забелешките. По оваа Седница, ќе имате забелешки за Планот за вработување и вие ќе ги добиете и за тоа ќе го известиме инспекторот-рече Попов.

За збор се јави Сунчица Ѓеоргиевска која посочи дека Швајцарската конфедерација финансирала во современа филтер- станица во Делчево и тој објект не треба да се остави без вработени. Треба да се контролира водата и треба стручно лице и квалитетот на водата, ако не се контролира, џабе е таа инвестиција. Таков капитален објект го оставаме сам на себе со неусвојување на Планот.

Тони Стоименовски рече дека е против Планот, а доколку сакаат да знаат зошто е против, да му достават писмено барање за да им објасни, а ќе одговори тогаш, кога тој ќе добие одговори на советничките прашања што ги има поставено.

Советникот Кире Тренчевски, побара 15-минутна пауза.

По што, претседателот на Советот даде пауза од 15-минути.

По завршување на дадената пауза и во координација со советничките групи, Седницата беше прекината. Претседателот Попов истакна дека за продолжението на Седницата советниците ќе бидат дополнително известени.

По ова, првиот дел од 44 Седница на Советот на Општина Делчево, заврши во 12.30 мин.

**Записникот го водела**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**